# З А П И С Н И К

## Од вонредна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 28.06.2019 година (Петок) со пчеток во 20.оо часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата неоправдано отсутни беа:Наце Коцев, Виолета Ристова, Бранко Трајков, Сања Христова,Сања Стојанова и Ракип Асанов.

На седницата присуствуваше: Верче Митко и Горан Андонов претставници од општинската аддминистрација.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев пред да го предложи дневниот ред за работа на вонредната седницата даде образложение за причината поради кој се свикува вонредна седница на Советот на општина Василево. Рече дека причина за свикување на вонредна седница е поради настанатата измена во составот на Комисијата која дојде поради тоа што двајцата членови, Ѓорѓи Вучковски и Стојан Тонев, предложени од страна на ВМРО ДПМНЕ самоволно се откажале од учество во работата на Комисијата. „Заради итноста на активностите кои оваа Комисија треба да ги преземе неопходно беше веднаш да биде закажана и одржана вонредна седница, бидејќи е неопходно во најбрзо време да се започне со увид на терен и процена на состојбата, кој исто така информираше дека Комисијата во новиот состав уште синоќа се состанала и веќе во текот на денот ќе започне со посета на терен и процена на штетите и добиените резултатаите од увидот и проценката во форма на Извештај Комисијата ќе ги достави до Градоначалникот и Советот на општина Василево.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја стави на гласење оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница, од 9 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема при што констатира Советот на општина Василево оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1 Предлог – Одлука** за измена на Одлуката бр. 08-883/1 од 25.06.2019 година за формирање комисија за процена на штета од елементарни непогоди.

Дневниот ред за работа на Советот на општина Василево на вонредната седница на Советот на општина Василево беше ставен на гласење од 9 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По отворената расправа по точката: **Предлог – Одлука** за измена на Одлуката бр. 08-883/1 од 25.06.2019 година за формирање комисија за процена на штета од елементарни непогоди. Советот ја разгледа ја стави гласење од 9 присутни советници со 9 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема, Советот на општина Василево ги разреши членовите на комисија за процена на штета од елементарни непогоди. Ѓорѓи Вучковски и Стојан Тонев и на нивно место ги назначи: Марјанчо Трајков и Миле Петров.

Со направената измена беа назначени следните членови:

1.Претседател: Павле Георгие - дипломиран зем. агр. Инж.

1. Членови: Лубинка Делева – Зем. инж- вишо
2. Никола Цонев - Зем. инж- вишо
3. Марјанчо Трајков - Зем. инж- вишо
4. Миле Петров - дипломиран зем. агр. Инж.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Крсте Панев ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на Општина Василево

Претседател:

Крсте Панев